08-1964/1
14-07-2025

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 20-тата седница одржана на ден 04.07.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-3841/1 од 09.10.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-3841/1 од 09.10.2021 година да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-3841/1 од 09.1.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ____________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Советот на ____________________, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10.2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 ст. 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 253/23), Прекршочната постапка не можеда се води ако поминат

две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

Во конкретниот случај, лицето ___________ е разрешен од функцијата член на Советот на ________________на ден 09.02.2021 година и согласно со чл.82 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата, односно до 09.03.2021 година, да поднесе анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т- М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** м-р Ц.Р член